РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1902/1
05-05-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 31-вата седница одржана на 22.04.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-2049/1 од 29.07.2025 година, оформен по доставена пријава со наводи за сомневање за неправилности во постапка за вработување во ///, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-2049/1 од 29.07.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 29.07.2025 година, поднесена е пријава со наводи за сомневање за неправилности во постапка за вработување во /// и оформен е предмет број 12-2049/1 од 29.07.2025 година.
Изразеното сомневање во пријавата се однесува на постапката за вработување во /// реализирана по интерен оглас број /// од /// година. Во пријавата подносителот укажал на околности на неисполнување на правата од неговиот работен однос во Установата, што резултирало во неисполнување на условите од интерниот оглас од негова страна поради што бил оневозможен да се пријави како кандидат. Истовремено, подносителот во пријавата, посочувајќи случаи на непотизам во Установата, изразил сомневање за фаворизирање на конкретни вработени лица во постапката по интерниот оглас.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барања за доставување податоци и информации до Државниот управен инспекторат и до Управата за извршување на санкции.

Од увидот во податоците и информациите доставени како одговор на упатените барања утврдена е следната фактичка состојба:

Интерниот оглас за унапредување на /// со број /// од /// година бил спроведен врз основа на одредбите на Законот за извршување на санкциите.
При вонреден инспекциски надзор извршен над субјектот ///, од страна на Државниот управен инспекторат било утврдено дека во Одлуката бр./// од /// година за избор на кандидати по конкретниот интерен оглас била содржана правна поука со која било назначено дека кандидатите имаат право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен надзор и инспекциски надзор во втор степен. Воедно, при надзорот било утврдено дека одлуката била доставена до сите кандидати, кои приемот го потврдиле со свој потпис.

Имајќи ја предвид фактичката состојба утврдена при вонредниот инспекциски надзор на Државниот управен инспекторат над субјектот /// во врска со пријавените наводи за неправилности во постапката по интерниот оглас број /// од /// година, ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување, и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: S.D., член/anëtar

Доставено до:
- подносителот на пријавата